# Македонско кредитно биро АД Скопје




**Македонско кредитно биро**
**СЕ ГРИЖИ ЗА ВАШЕТО ФИНАНСИСКО ЗДРАВЈЕ**

## *На што сме обврзани према Вас*

Заштитата на приватноста на Вашите лични податоци е од најголема важност за нас. Ние се грижиме и сме многу внимателни за да ја заштитиме Вашата приватност и сме обврзани, на Ваше барање, да Ве известиме кои податоци ги собираме за Вас, изворите на податоците, идентитетот на давателите на податоци и идентитетот на секој корисник на податоци кој добил извештај со Ваши податоци во последната година. Одговорно управуваме со податоците кои ни се доверени затоа што веруваме дека е тоа пресудно за развој и одржување на довербата на јавноста, која е неопходна за Вашиот и нашиот континуиран успех.

## *Контролирајте го Вашиот Сопствен извештај*

Тоа ќе Ви помогне:

1. Да имате увид во Вашата должничка историја,
2. Да ја преземете контролата врз Вашата финансиска состојба,
3. Да донесувате правилни одлуки и
4. Да се заштитите од кражба на идентитетот.

## *Должничка историја*

Да се има добра должничка историја е многу важно и е во Ваш интерес.
Треба да знаете дека штом земете кредит, користите кредитна картичка или друга услуга, почнувате да ја создавате Вашата должничка историја, а Вашето однесување кон измирување на достасаните обврски ќе биде регистрирано во Македонско кредитно биро. На Ваше барање Македонско кредитно биро ќе изготви Сопствен извештај за Вас кој ќе овозможи да остварите увид во Вашата должничка историја,со што:

- Ви овозможува да ги проверите податоците кои се водат за Вас во Македонско кредитно биро,
- Ви дава преглед за обврските што ги имате и како управувате со Вашите финансии,
- Ви овозможува да проверите дали во податоците има административни грешки, кои можат да влијаат на можноста да земете кредит или друг вид услуга во иднина и
- Ви овозможува да видите кои податоци за Вас ги гледа Корисникот на податоци од кого барате кредит или некоја друга услуга.

## *Контролирајте ја Вашата финансиска состојба*

Македонско кредитно биро може да Ви помогне да ја унапредите личната евиденција и да спречите евентуално презадолжување од тие причини. Чести се случаите кога граѓаните не ги измируваат редовно своите обврски затоа што немаат добра евиденција, особено ако користат повеќе кредити, кредитни картички и слично. Со увид во Сопствениот извештај, ќе може точно да ја евидентирате својата моментална задолженост и да одредите кога достасуваат Вашите обврски. Тоа ќе Ви помогне да ги процените своите финансиски можности за нови задолжувања и да донесете правилни одлуки кои ќе влијаат на Вашата финансиска состојба.

## *Што е кражба на идентитет*

Кражба на идентитет се случува кога измамници ќе дојдат до доволно податоци за да можат да Ве идентификуваат, да ги испразнат Вашите сметки, да позајмат пари во Ваше име и да Ви остават долгови.
Кражба на идентитет значи дека Вашето име, адреса, ЕМБГ, број на платежна картичка или друг личен податок бил употребен без Ваше знаење или одобрување за да се изврши измама или некој друг криминал.

## *Како помагаме да се заштитите од измама*

Редовната контрола и увид во Вашиот Сопствен извештај, кој го издава Македонско кредитно биро, е ефикасен начин за заштита од измами.
Сопствениот извештај содржи потполни податоци за Вашите обврски по кредити, платежни картички, лизинг, осигурување, даноци, телекомуникациски услуги, услуги од областа на енергетиката и комуналните давачки, како и друг вид на обврски како жирант, кокредитобарател или солидарен должник.
Извештајот го содржи идентитетот на сите Даватели на податоци и идентитетот на сите Корисници на податоци кои побарале извештај со Вашите податоци од Македонско кредитно биро во последната година.
Преку својата содржина, Сопствениот извештај Ви овозможува лесно да забележите невообичаени активности, како што е на пример одобрен кредит кој не сте го побарале или неочекувано зголемување на долгот на Вашата кредитна картичка.

## *Седум начини како да го заштитите Вашиот идентитет*

1. ***Научете да го цените Вашиот Сопствен извештај***

   Вашиот Сопствен извештај е многу ефикасна алатка во борбата против кражба на идентитет, затоа препорачуваме негова редовна контрола за да го заштитите Вашиот идентитет. Извештајот Ви дава преглед на Вашите обврски и редовноста во нивното исполнување и од него лесно може да забележите непознати сметки и сомнителни салда.

2. ***Ограничете ги контактите во социјалните мрежи на интернет***

   Заштитата на Вашиот идентитет е една од најважните работи кои треба да ги направите. Во онлајн профилите се бара да внесете основни податоци, како Вашето целосно име и датумот на раѓање и потоа да додадете интересни детали, како што е името на Вашето миленичe или имињата и прекарите на Вашите деца. Не правете го тоа, бидејќи тоа се детали кои најчесто ги користите за креирање лозинки или пинови, затоа оставете ги настрана. Вашите интернет пријатели можеби се измамници кои бараат доволно податоци за да Ви го украдат идентитетот.

3. ***Не ризикувајте важни документи***

   Не носете ги со себе пасошот, возачката дозвола, дури и кредитните картички, освен кога знаете дека ќе Ви требаат. Никогаш не ги запишувајте лозинката и пинот. Во случај да Ви ја украдат чантата или паричникот, на крадецот, освен парите, може да му го предадете и Вашиот идентитет.

4. ***Пријавете кражба***

   Во случај да сте жртва на кражба, пријавете во полиција, во банка, кај издавачот на кредитната картичка и секаде каде што кражбата може да има влијание. На тој начин, Вашата загуба е забележана и институциите кои имаат пристап до крадците ќе бидат предупредени.

5. ***Внимавајте на вашата пошта***

   Доколку забележите дека Вашата пошта ја снемува, известете ги дистрибутерите на пошта – можеби некој ја пресретнува, особено ако живеете во зграда со заеднички ходник каде се доставува поштата.

6. ***Не одговарајте на сомнителни повици или несакани e-mail пораки***

   Никогаш не одговарајте на телефонски повици или e-mail пораки во кои Ви бараат детали како пин, лозинка или број на сметка – и не ги внесувајте овие детали на непозната интернет страна или e-mail порака.

7. ***Продолжете да го контролирате Вашиот Сопствен извештај***

   Потребно е редовно да го контролирате Вашиот Сопствен извештај, бидејќи крадците на идентитет можат да Ве забележат во секое време.



## *Како да се информирате повеќе?*

Посетете ја нашата интернет страна:

**www.mkb.mk**

Поставете прашање на e-mail:

**info@mkb.mk**

Јавете се во Инфо центарот на:

**02/3251-291**

Повелете во нашата канцеларија која се наоѓа на ул. „Димитрија Чуповски“ бр.13, 1000 Скопје, Република Македонија (до McDonald’s, во зградата на Стопанска комора на Република Македонија, на трети кат).

Работно време со клиенти од понеделник до петок, 09:00 до 16:00 часот.

**Македонско кредитно биро**
**СЕ ГРИЖИ ЗА ВАШЕТО ФИНАНСИСКО ЗДРАВЈЕ**